**20090881646**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 2 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ОДЈАВУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и постапката на одјавување на возилата.

Член 2

1) Сопственикот на регистрираното возило (во натамошниот текст: сопственикот) поднесува барање за одјавување на возилото до органот каде е извршена регистрација на возилото.

2) Кон барањето за одјавување на возилото од ставот 1 на овој член, сопственикот на возило ги приложува и сообраќајната дозвола и регистарските таблици на возилото.

Член 3

1) Одјавата на возилото соодветно се евидентира во сообраќајната дозвола со испишување на зборовите „ВОЗИЛОТО Е ОДЈАВЕНО“.

2) Во сообраќајната дозвола се евидентираат и причината за одјавување на возилото и состојбата со регистарските таблици на возилото.

3) Евидентираната одјава на возилото во сообраќајната дозвола се заверува со печат на органот каде е извршена одјавата, со потпис на службеното лице и со датум на извршената одјава.

4) Одјавата на возилото се регистрира во евиденцијата на органот каде е извршена одјавата, а сообраќајната дозвола му се враќа на сопственикот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1-45989/1
10 јули 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.